Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 22-108/19
10.06 2025 год.
ОБЛЕШЕВО

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 , 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „ Службен веник на Република Северна Македониаја“ бр.89/22,171/22 и 3/25), Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево , на ден 10.06.2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА

1. За планскиот документ **Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, Општина Чешиново-Облешево Плански период 2024-2034 Предлог на УПС, не е** потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Чешиново -Облешево : **www.cesinovo-oblesevo.gov.mk**.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата , содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, одобрувањето на планскиот документ **Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, Општина Чешиново-Облешево Плански период 2024-2034 Предлог на УПС, нема да има влијание врз животната средина** од следните причини: Со планскиот документ, на ниво на плански опфат се предвидиваат следните намени А1-домување во куки, А3.3-згради за престој на пензионери и , стари и немоќни лица, В2.8- установи за згрижување на деца од претшколска возраст-детски градинки , јасли, и сл. Д2-Зашитно и сообраќајно зеленило, Д3-Спорт и рекреација на зелени површини, Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за проеиводство на енергија , Е1.1-Сообраќајни патни инфраструктури, Е1.8-Водови за пренос на електрична енергија -Трафостаници, Е1.11-инфраструктури за одводнување и Е1.13-Површински соларни и фотонапонски електроцентрали, односно намени кој не ја загадуваат околината, не создаваат емисии на штетни материи, не создаваат бучава, при што не се очекува значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. Влијанијата кои ќе се јават во фаза на градба се проценуваат како малку значајни и со ограничен временски рок.

4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Изготвил/МСЈ,

Градоначалник,
Далибор Ангелов

